Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи
"ИСАР" п.о
Бр. 02-1347/2
29. 09 2022 год.
Штип

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатиа и член 19 од Статутот на ЈП Исар Штип, Управниот одбор на ЈП "Исар Штип" на својата 23- та седница одржана на ден 29.09.2022 год ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП "Исар" Штип

### Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип заведен со арх.бр.01-1353 од 15.12.2021 год.

### Член 2

Во Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип во табеларниот преглед на Ценовник за партерно уредување, точката под реден број 6 се менуват и гласи :

| Ред.бр | Опис | ед.мера | ед.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 6. | Ѕидање на ѕид со бетонски блокови 0,2 x 0,4 x 0,2м | $м^2$ | 1.600,00 |

### Член 3

Во Ценовник на услуга на ЈП "Исар" Штип во табеларниот преглед на Ценовник за партерно уредување, по точката 22 се додаваат нови точки со реден број 23, 24, 25, 26 и 27 кои гласат :

| Ред.бр | Опис | ед.мера | ед.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 23. | Малтерисување на ѕидни површини со продолжен малтер 1:2:6, со претходно прскање на површината со ретко цементно млеко во една рака | $м^2$ | 500,00 |
| 24. | Набавка , транспорти вградување на поцинкувана оградна мрежа со отвор 50/50мм, комплет со шалонска и армирачка жица за врзување | $м^2$ | 200,00 |
| 25. | Бојадисување на ѕидни површини со материјал-поликолор за надворешни ѕидови | $м^2$ | 300,00 |
| 26. | Бојадисување на површини со материјал-боја за метал и дрво | $м^2$ | 300 |
| 27. | Изработка и одржување на заштитна метална ограда за спортски игралишта | Кг. | 200 |

**Член 4**

Во останатиот дел Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип заведен под арх.бр.01-1353 од 15.12.2021 год. останува непроменет.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила по усвојувањето од страна на Советот на Општина Штип, а со денот на објавувањето на истата во Службен гласник на Општина Штип .

ЈП "Исар" Штип
Управен одбор
Претседател

______________________
Кире Зајков

Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „ИСАР" п.о. Штип

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ
"И С А Р" п.о. Штип
Примено 03.11.2022
02 1347/3

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19 и 89/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 27 октомври 2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ИСАР“-ШТИП ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИК НА УСЛУГИ НА ЈП„ИСАР“-ШТИП СО АРХИВСКИ БРОЈ 02-1347/2 ОД 29.09.2022 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП„Исар“-Штип со архивски број 02-1347/2 од 29.09.2022 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП„Исар“-Штип со архивски број 02-1347/2, донесена од Управниот одбор на ЈП„Исар“-Штип на седницата одржана на 29 септември 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6443/1
27 октомври 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова